



***Делото „Историја на македонскиот народ од антички времиња до денес“ е публикација на Ристо Стефов (Chris Stefou), роден на 11 јуни 1953 година во револуционерното село Ошчима, Леринско, во Беломорска Македонија. Како последица на економско-политичките случувања во Егејска Македонија, неговото семејство се иселило од дедовкиот праг во 1965 година кога Ристо имал дванаесет години и за секогаш се населиле во демократска Канада.***

Ристо Стефов (Chris Stefou) е писателот кој живе и твори во Канада и кој ја афирмира Македонија од античко време до денес. Тој е добро познат во македонската заедница во Торонто, а е афирмиран автор во македонската дијаспора и во етничка Македонија. Ристо е автор на поголем проj публикации со кои се покажа и долажа како вљувеник во историјата и вистина за македонскиот народ и етничка Македонија.

Инаку, неговото родно живописното селото Ошчима е сместено меѓу градовите Лерин и Костур блиску до изворот на реката Бистрица во северо-источниот дел на Егејска Македонија. Селото се наоѓа на околу илјада метри надморска височина, помеѓу планините Бигла на север, планината Гомнуш на исток и планините Локма и Боданца на запад.

Од ова чисто македонско село има голем број познати личности во Република Македонија и особено во Канада. Во селото Ошчима кое има своја судбина и своја историја се смета дека првите жители се доселиле од други делови на Македонија. Не се знае колку точно е старо слото, но првите информации за најстарите фамилии се од 18 век. До почетокот на 19 век три-четириесет фамилии живееа во Ошчима, чиј број на жители бил околу двеста.

Тој е автор на делото „History of the Macedonian people from ancient times to the present“ чиј преводот од англиски на македонски јазик под наслов „Историја на македонскиот народ од антички времиња до денес“ е на Соња Прус, а го уредил и подготвил за печат авторот на овие редови, Славе Катин. Делото е издание на книгоиздателството „Македонска искра“ од Скопје, во 2008, на 505 страници, а е отпечатено во печатницата „Софија“ во Богданци. Рецензенти на делото се: академик Антоније Шкокљев – Дончо и Славе Николовски – Катин.

Оваа значајно историско дело кое за прв пат е печатено на англиски јазик во Торонто е огледало на вистината за македонскиот народ и за Македонија од антички времиња до денес. Книгата е поделена на 29 глави во кои се третира историскиот развој на македонскиот народ и Македонија од најпрвото македонско кралство преку издигнувавето на Македонската Империја, до денешното формирање на македонската независна, демократска и самостојна држава - Република Македонија.


Србија
Софија
Косово
Прешево
Качаник
К. Паланка
Скопје
Тетово
Бугарија
Горна Џумаја
Република Македонија
Велес
Штип
Пиринска
Македонија
Дебар
Вардарска Македонија
Струмица
Прилеп
Струга
М А К Е Д О Н И Ј А
Охрид
Битола
Драма
Грц
Сер
Кавала
Кукуш
Поградец
Воден
Лерин
Горица
Пазар
Солун
Костур
Албанија
Бер
Егејска (Бело
Море
Егејска
Македонија
Грција

[illegible]


СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН
АТАНАС
БЛИЗНАКОВ




[illegible]



**РИСТО СТЕФОВ И**



**СЛАВЕ КАТИН**